**Г Р А Д  С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПРЕТСТАВНИК: **Помошник раководител на Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Секторот за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

**ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А**

за пренесување на правото на сопственост на садници на дрвја на ЈП Паркови и зеленило- Скопје

**Скопје, октомври 2024 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36, а во врска со член 65 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

за пренесување на правото на сопственост на садници на дрвја на ЈП Паркови и зеленило- Скопје

Член 1

Со оваа Одлука Град Скопје го пренесува правото на сопственост на 956 (деветстотинипедесетишест) садници на дрвја и тоа:

| Количина | Видови дрвја/ висина /година | Македонско име | Англиско име |
|---|---|---|---|
| 30 | Acer campestre<br>Full std, H 2,5-3m+, G10/12 | клен | field maple |
| 81 | Acer heldreichii<br>Full std or M.S., H 2,5-3m+, G10/12 | планински јавор | Balkan maple |
| 20 | Acer tataricum<br>Full std or M.S. or S., H 2,5-3m+ | жестил | Tatarian maple |
| 34 | Aesculus hippocastanum<br>Full std, H 2,5-3m+, G10/12 | див костен | horse chestnut |
| 83 | Betula pendula<br>Full std, H 3,5-4m+, G10/12 | бреза | silver birch |
| 92 | Carpinus betulus<br>Full std, H 2,5-3m+, G10/12 | воден габер | hornbeam |
| 112 | Cercis siliquastrum<br>Full std or M.S., H 2,5-3m+, G10/12 | јудино дрво | Judas-tree |
| 69 | Cotinus coggygria<br>M.S. or S, H 2-2,5m+ | руј | smoketree |
| 83 | Elaeagnus angustifolia<br>Full std, H 2,5-3m+, G10/12 | дива маслинка | oleaster |
| 81 | Fraxinus excelsior<br>Full std, H 3,5-4m+, G10/12 | бел јасен | ash |
| 30 | Picea abies<br>F, H2/2,5m+ | смрча | Norway spruce |
| 18 | Platanus orientalis<br>Full std, H 3,5-4m+, G10/12 | чинар | Oriental plane |
| 80 | Quercus robur<br>Full std, H 3,5-4m+, G10/12 | стежер | pedunculate oak |
| 30 | Salix alba<br>Full std, H 3,5-4m+, G10/12 | бела врба | white willow |
| 35 | Sorbus aucuparia<br>Full std, H 2,5-3m+, G10/12 | јаребика | rowan |
| 20 | Taxus baccata<br>S, H 2/2,5m | тиса | yew |
| 58 | Tilia tomentosa<br>Full std, H 3-3,5m+, G10/12 | сребренолисна липа | silver linden |

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука се пренесуваат во сопственост на ЈП Паркови и зеленило- Скопје со проценета вредност од 50.000,00 евра без надомест, односно 3.074.500,00 денари.

Член 3

Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со директорот на ЈП Паркови и зеленило- Скопје со кој поблиску ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број _______
____________ 2024 година
С к о п ј е

**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Трајко Славески**

**Образложение**

Со член 36, од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Со член 65 од истиот Закон е утврдено дека јавните служби основани од општината се нејзина сопственост.

Град Скопје и УНОПС на ден 06.08.2024 година потпишаа Меморандум за разбирање со кој се согласија заедно да работат на проект кој има за цел со засадувањето на дрвја во градот да се придонесе што поголема апсорпција на јаглерод диоксид, подобрување на квалитетот на воздухот и подобрување на урбаниот пејзаж.

Проценетата вредност на садниците изнесува 50.000,00 евра, односно 3.074.500,00 денари. Град Скопје истите ги пренесува во сопственост на ЈП Паркови и зеленило-Скопје без надомест, а обврска на претпријатието е да дефинира и обезбеди урбани локации во јавна сопственост каде што треба да се спроведе зазеленување, овозможи брз ангажман на субјектите под негово управување и да ги покрие поврзаните административни трошоци, каде што тоа е потребно, за да се обезбеди пристап до локацијата, документи, дозволи за употреба, одобренија усогласности потребни за спроведување на работите.

Согласно гореизнесеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за пренесување на правото на сопственост на садници на дрвја на ЈП Паркови и зеленило - Скопје.